РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 09-557/2
24-11-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на првото продолжение на 55 - тата седница одржана на 17.11.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 557/1 од 04.02.2021 година, за лицето ------------------------ **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување од причина што пријавеното лице не е службено лице во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 04.02.2021 година, поднесена е пријава за лицето ---------------------- и оформен е предмет број 557/1 од 04.02.2021 година.

Во пријавата подносителот наведува сомневање за постоење на судир на интереси кај лицето ----------------, кој врши две функции и тоа Претседател на ----------------- на Република Северна Македонија и адвокат-сопственик на адвокатска канцеларија.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК,
Изготвил:Е.М - советник
Одобрил:М-р Ш.С - член на ДКСК